Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-413/6

__________ година

12-09-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 413/1 од 26.06.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-413/1 од 26.06.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

[redacted] Скопје со адреса на ул. [redacted] Скопје на 26.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесе претставка заведена под бр. 08-413/1. Наведената претставка е поднесена против физичко лице, односно против лицето [redacted] како потенцијален дискриминатор, со наводи во истата дека лицето преку објава на текстуална содржина на социјална мрежа „FACEBOOK“ сторило поттикнување на дискриминација, како и вознемирување врз група на лица.

Комисијата со Барање бр. 08-413/2 преку пошта направи неуспешен обид за достава на претставката до [redacted] на 10.07.2023 година на адресата наведена од подносителот во претставката, со повратна информација од пошта дека лицето не живее на таа адреса.

Согласно наведеното Комисијата утврди дека претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па согласно член 24 став 2 од истиот Закон, до подносителот на 08.08.2023 година уредно достави барање бр. 08-413/3 од 26.07.2023 година за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе целосни податоци, односно адреса на живеење на лицето против кое се поднесува претставката.

Подносителот со електронска порака на службената адреса за електронска пошта на Комисијата на 08.08.2023 година ја извести Комисијата за друга адреса за контакт на лицето [redacted].

Следствено на 24.08.2023 година, Комисијата преку пошта направи нов обид за достава на горенаведеното барање за изјаснување со претставката до лицето на [redacted] на ново наведената адреса од подносителот, со повратна информација од пошта за неуспешен обид за достава од причини што лицето не живее на наведената адреса.

Комисијата и по вториот неуспешен обид за достава на претставката до лицето против кого истата се поднесува, утврди дека претставката е нецелосна, односно дека не ги содржи задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

- [redacted] *Скопје*
- *Архива на Комисијата*